ПАТРИМОНИУМ.МК, година 17, број 22 / 2024
UDK 903/904:572(381)"652"
UDK 930.85(=29:497)"652"

Викторија СОКОЛОВСКА

# ПАЈОНИЈА И АГРИЈАНИЈА*

*Културно – историски приказ*

**Клучни зборови:** *Пајонија, Агријанија, колонии, хеленизација.*

**Апстракт.** *Античкото минато на просторот кој денес го зафаќа Република Македонија, но и значително пошироко од нејзините граници, претставува простор што бил дел од хеленската културна сфера, па како таков од дамнешни времиња бил предмет од интерес на многубројни истражувачи на минатото на Балканот. Неговата пајонска припадност, согледана во меѓувреме, посведочена од античките извори, ја збогати содржината на регионот, а културните појави што излегуваа на виделина во меѓувреме, доведоа до значајни заклучпци поврзани со местото и улогата на нивното време. Како резултат на овој сестран интерес за Пајонците, како значајна популација на средниот Балкан, е доста пишувано и објавено во стручната литература во земјата и надвор од неа. Покрај трудовите кои се наведени во приложената библиографија, во оваа пригода не треба да се прошуштат и наведат делата: Пеонија од Г. Кацаров, Земјите по Средния Вардар од И. Венедиков и многубројни значајни информации за Пајонците кои се јавуваат во делото на I. Merker, Ancient Kingdom of Paionia и History of Macedonia od N.G.L. Hammond. Во најново време се јавува трудот на Ricard Blanco Lopez, Tribus Peonias: Los Agrianes en el contexto historico и geografico de la antiguedad со наведени - исцрпни изворни информации за Агријаните. Мојот труд, Пајонското племе Агријани и врските со Дамастион внесува значителна светлина во историјата на Агријаните.*

*Во оваа прилика намера ми е да истакнам неколку нови моменти кои се јавуваат како значајна историска потврда за потеклото на Пајонците и Агријаните. Во исто време, настојувам да ги нагласам околностите и случувањата на нашите простори кои довеле до прифаќање на грчката култура и религија, односно до така наречената "хеленизација" на Пајонците која настапува во раната антика и трае до доаѓањето на Римјаните на Балканот како значаен феномен на антиката.*

Јужниот дел на среднобаналканскиот простор, од Грделичката Клисура на север до устието на Вардар во Термајскиот залив на југ, претставува простор населен со племиња од иста етно-културна припадност. Тоа се пајонски племиња за чии поединечни имиња дознаваме од античките извори.[1] Тукидид споменува Дерони, Лајаи и Агријани, како и независни Пајонци, сите ситуирани во регионот на Перник и Ќустендил, античкиот град Пауталија. Овој податок се однесува на 429 г пред н. е. кога Одрискиот цар Ситалк го презел познатиот поход против Македонија. Дека тоа се сигурни информации потврдено е со откритието на сребрени монети, декадрахми, на кои се испишани нивните имиња – Δερρονεσ и Λαιαι.[2] Монети со натпис Агријани досега не се откриени. Тукидид споменува и независни Пајонци, кои живееле западно од Дероните и Лајаите. Други автори, како пајонски племиња спомнуваат Параксиеи, Добери. Ливие пак, во групата на пајонски племиња ги вбројува и Деуриопите, племе настанато во Пелагониската рамница со главен град Стибера.[3]

Но, ова е време на историскиот период. Треба да се вратиме назад и да се потсетиме што е кажано за нивното далечно минато кај старите автори.

---

*Терминот Агријанија за првпат го наведува В. Лилчиќ Адамсен, *Скупи и античката цивилизација на Скопско*, Скопје, осум милениуми живот, култура, творештво, Скопје 2020, 119.

[1] Thuk. II, 99-100, Lopez Blanco 2006, со целокупна библиографија за Агријаните.

[2] Svoronos 1979, Pl III, 7 I 9.

[3] Liv. XXXIX,53.

**Потекло на Пајонците и Агријаните**

Прашањето за присуство на пајонски племиња на балканските простори датира од дамнешни времиња. Се смета дека во текот на бронзеното време, уште пред Тројанската војна, но и подоцна, во текот на преодниот период, кога настанале на Балканско-анадолскиот простор големи етнички поместувања во двете насоки, доаѓа до преселби на Балканот од Троада и пошироко и постапно лоцирање на овие популации на Балканот.[4] Тоа претежно се однесува на пајонската популација, но исто време и на Дарданците, за кои знаеме дека подоцна го населувале просторот на денешна Метохија.[5] Така, за време на Тројанската војна Пајонците се сместени по долното течение на Аксиос со главен град Амидон.[6] Што се однесува до Агријаните, во ова време за нив нема податоци. Но мора да претпоставиме дека во ова време и тие се присутни на нашите простори, имајки, како најверојатна патека на нивниот пробив кон внатрешноста е долината на реката Стримон низ која се движеле подоцна првите хеленски мајстори, металопреработувачи и ковачи на првите монети во заднината на Егејското крајбрежје, на Дероните и Лајаите.

Така, како последица на овие долготрајни етнички поместувања, со почетокот на постарото железно време настанува стабилизација која овозможува просторот кој нас не интересира да го согледаме во неговите географски рамки. Почнувајки од исток со познатиот локалитет Кракра кај Перник, кон запад преку Страцин и преку Јужноморавскиот регион до Косово Поле, со гранична линија на Прекорупље, Скопско-кумановскиот регион до изворот на Вардар, ке се оформи како простор населен со Агријаните. Текот на Брегалница, Повардарјето до вливот на Аксиос и делови од Пелагонија ке формираат посебна етничка државност, чија кралска династија ќе игра видна, добро позната улога на првиот милениум пред н.е.

Во овој момент Охридскиот регион влегува во сферата на нашиот интерес. Ситуиран на крајниот југозапад од пајонското простирање, на граница со илирската заднина, Охридскиот регион се наоѓа во фаза кога трпи суштествени етнички поместувања кои го зафатиле овој дел од Балканот.[7]

Да се потсетиме. Големото откритие направено во Вергина, објавено од М. Андроникос,[8] мислам дека претставува темел во разрешување на настаните кои се однесуваат во текот на преодниот период и раните фази на железното време. Ова откритие остана недоречено. Неговата содржина, дотогаш непозната, побудува наш интерес поврзан со Охридскиот регион. Во Вергина, во времето од 1100 – 700 г. суверено владее етнос со специфични духовни и културни белези. Кои се тие народи не е речено. (Публикацијата на Е. Петрова не ми е достапна. Таму е секако зачнато ова прашање). Од изворите добро се знае дека Бригите од Балканот се селат во Мала Азија каде основаат своја држава, Фригија со главен град Гордион. Но, исто така се знае дека помали групи на Бриги се задржале на Балканот.[9] Долгата празнина која во Вергина настапува потоа, од 700 до почетокот на IV век е се уште проблематична. И во Охридскиот регион Бригите се посведочени и градот Кидраи е бригиски. Нема дилеми дека и во Охрид Бригите се посведочени и археолошки потврдени.[10] Преселбата на Бригите, (кои оставиле трага за своето присуство во т. н. мат сликана керамика и масивен бронзен накит, (белезици, шноли) довела до празнење на регионот, па, за разлика од Вергина која остана ненаселена до почетоците на класичната епоха, со што им е дадена можност на пајонските заедници од приморските простори да се населат, а на моќната, т. н. аристократска класа да создаде материјална подлога која ке се одрази во богатите кнежевски погребувања. Единствени до тогаш, а подоцна проследени со откритијата во Синдос и Архотикон, нивното присуство на овие региони се совпадна со изречената констатција за Пајонците како најмоќен етнос во регионот во текот на VI век.[11] Во исто време, овие откритија внесоа во науката нови проблеми кои се однесуваат на етничката припадност на овие некрополи. Но, како што ќе се покаже набргу, ширењето на Македонците и постапното освојување на Долна Македонија набргу става крај на овој економски подем.

---

[4] Hertly 1939, 118-127; Mellart 1938, 9-33; Hammond 1972, 234-296, 298.

[5] Соколовска 2003, 27-48.

[6] Il. II, 848-850.

[7] За најстарата историја на Охридскиот регион и племињата што го населувале, види Папазоглу 1985,80, за раната антика во Охридско-преспанскиот регион, опширно кај Битракова Грозданова 2000, 26-29

[8] Andronikos 1980, 192.

[9] Прашањето за Бригите и остатоците задржани на Балканот, Тумулот од Делагожда, Висои, некрополата во Дабици, градот Кидраи, останува во фокусот на интересот во науката. Види Битракова Грозданова В. Св. Илија Делагожда, Археолошки Преглед 1987, Љубљана 1989.

[10] За Бригите и нивното присуство во Охридскиот регион, кај Папазоглу, 1985, 70.

[11] Соколовска 1997, опширно, со цитирана литература.




Пајонија и Македонија во Раната и Доцната Антика (В. Соколовска)

Но, да се вратиме назад и да видиме што се случувало во меѓувреме. Многу елементи на материјалната култура, во прв ред положбата на населбите и нивната основна концепција, како и системот применет во градежништвото ја осликуваат културата на овие популации, издвојувајки ги од нивните северни соседи. Тука е можеби место да ги спомнеме: Сува Река, Ромаја, Самодража, Кале- Кршевица - значаен пункт на Моравската магистрала, Белаќевац, Горње Гадимље, Каљаја, Буштрање, Ораовец, Пелинце - школски пример на населба од ова време, населбите во регионот на Скопје - Кале-Скопје, Нерези, Тетово, Градиште-Градец, Градиште-Бучинци, населби на агријански простор.[12] Поновите теренски истражувања превземани од В. Л. Адамс во атарот на Скопје го зголемија бројот на населбите во регионот на Скопје, а во исто време отворија и нови прашања поврзани со настаните во овој регион особено во текот на хеленистичкиот период. [13]

Културата создавана од времето на нивната стабилизација на Балканот, со посебен акцент на таа создадена во железното време, одразува висок степен на дејности од уметнички и духовен аспект кај Пајонците и Агријаните. Мноштво оригинални замисли, тешко објаснивни и покрај заднината на културните содржини претходно создавани на медитеранските простори и тие доспеани со бригиското присуство, создале духовно и културно наследство кое и во иднина ќе претставува предмент на истгражување. ( богатата серија метални предмети, јасно се гледаат истоветните замисли, идеи и намена на сите производи произлезени од мајсторите на јужните и северните пајонско агријански простори. Но, досегашните теренски истражувања, особено некрополите околу Виница, Бучинци, Гевгелија, Марвинци, Глос, Валандово, овозможија да се навлезе подлабоко во структурата на пајонското општество, во неговиот друштвен растеж, разоткрија едно среде-

[12] За типот на населбите поопширно кај Соколовска 2018, 80 и н., Карта стр. 99. За типот на населбите види Георгиевски 1993, 51 и н. Присуството на керамиката од басараби, стилот на агријанска територија, опширно кај Георгиев З. 1993, 81 и н.

[13] Lilcic Adamsen 2020, 124.

но општество со скромни животни услови во кое уште не настанало раслојавање со исти животни услови, унифицирани погребувања со истоветна содржина која ја разоткри духовната страна на пајонското општество и покажа развиен култ кон умрените.

За разлика од ова време, следната, т.н. фаза на архајскиот период, време на VI век, доаѓа до изразита појава на богата аристократска класа која е манифестирана во т. н. кнежевски погребувања, откриени во Требеништа, Синдос и Архонтикон. Независно од нивната етничка припадност, проблем кој сеуште бара одговор, јасно е едно, а тоа е фактот дека една таква богата класа можела да настане во услови на долго мирно време, без војни и било какви други општествени потреси. Дали се во прашање пеонски богати кланови, кои под влијание на минати традиционални фактори се навратила на стариот египетски обичај или микенската практика да става златни маски на своите покојници ке треба и натаму да претставува предмет на истражувања. Во нашиов случај, речено е дека во времето на 6 век, кога се случуваат овие појави, како најјака популација на просторите каде се откриени овие погребувања се јавуваат Пајонците.

Откритијата кои натаму следија покажаа дека низа нови моменти ги навестуваат и потврдуваат врските на малоазискиот простор со балканските пајонски територии. Да се потсетиме.

Веќе одамна се знае дека името на градот Идомене, лоциран јужно од Демиркапискиот кланец, (Tab. Peut. VIII, 1) носи критско потекло. И планината Месапион се поврзува со Крит? И Гортинија, неодамна дефинитивно идентификувана со Вардарски Рид кај Гегелија има критска аналогија.[14] Кога овие топоими ги добиле овие имиња нема никогаш да дознаеме. Можеме само да претпоставиме дека ги донесле воедно со себе новодојдените. Тие припаѓаат на Ботиаја, според Ботон кој ги предводел критјаните кои тука се населиле по деструјцијата на Крит. Овие градови освоени се одамна од Македонците (околу 500 г.) и како стари македонски градови поканети се од теородосите да земат учество во делфиските свечености.[15]

Мошне индикативна е околноста што за раното присуство на Пајонците на Балканот дознаваме од античките извори, додека за Агријаните во нив не станува збор. Но, сочувани се извесни информации кои можат да фрлат извесна светлина по ова прашање.

Познато е, но на некој начин и провокативно е постоење на етнонимот Агарјани, одн. Агарени кој се среќава во византиските извори. Под тој термин се подразбираат нехристијански народи, Татари, Селцуци. Според грамотата на бугарскиот цар Константин Тих Асен (1257-1277) една група на “иноплемени Агарени” го опустошила манастирот Св. Георги Горгос изграден во Скопје на Виргино Брдо над реката Серава од страна на Роман II Аргир 1028-1034. Јован Мавропус во едно пофално слово одржано во 1047 година споменува дека византиската војска дошла во судир со “малубројни и некои од нив ненаоружани Агарени и Скити.[16] Дали во овие Агарени е зачувано името на античките Агријани? Нам ни се чини дека подударноста на имињата и територијата за која се врзуваат не е случајна. Овој настан, се јавува како значајна информација. Средновековните Агарени, а особено нивната локација на Виргино Брдо, разоткрива присуство на Агријани во среде Скопје, но сега, под нешто изменето име, Агарени. А дека средновековните Агарени не се ништо друго него остатоци од античкие Агријани во Скопје е доказ, без преседан. Наречени иноплемени, тоа значи дека и во тоа време, ја сочувале својата етничка припадност различна од нивното опкружување.Тоа се всушност античките Агријани, подоцна покорени од Дарданците, со што постанале нивни “дули”, кои, како што е речено во изворите: “во мир ја обработувале земјата на своите господари, а во војна се бореле за нив.”[17] А за средновековните Агарени, прави впечаток дека е сочувана традиција за нивното потекло, поврзано со Агара, незаконската жена на Аврам.

Уште еден момент за нас се јавува како важна информација за потеклото на Агријаните. Кутинската остава на дамастионски монети содржела еден примерок на монета од дамастионски тип, со единствен натпис, ΣΙΜΟΝΟΣ. Obv. Глава на Аполон со венец. Rev. SIMONOS, троножец. Според својата поделба, May ја датира околу 355 г. Меј Симонос го смета како локален владетел, како и Никархос.[18] За нас, ова име Симонос наведува на мисла дека се работи за чисто хебрејско име. Мислам дека на овој момент треба да му се посвети соодветно внимание. Оваа монета, според моето уверување припаѓа на агријански владетел, за кој веруваме дека е агријански владетел. [19]

---

[14] Кацаров 1921, 33.

[15] Plassart, Theorodes BCH 45(1921) 17).

[16] Податокот го користам според М. Бошковски, Прилог кон истражувањето на манастирот Св. Георги Горгос Скопски во XI век, Гласник на Институттот за национална историја XXX.

[17] Податокот преземен од Папазоглу 1957, 339, 349.

[18] May 1939 189.

[19] Соколовска 1990, 16; Sokolovska 1996, 13-21.

Првото спомнување на Агријаните поврзано е територијално за околината на Pautalija. Нивното прво спомнување во изворите како население лоцирано во Кустендилско-Пернишкиот регион, ни дава за право да претпоставиме дека доаѓањето на Агријаните од малоазискиот простор, одело по реката Струма. Овој патен правец е користен во антиката и подоцна, во случајот со доаѓањето на Хелени од Егејското крајбрежје, веројатно од Абдера, значително подоцна, населени на Кале – Виница, при што изнесовме, мислам издржана претпоставка, дека тие и го дале името Хармонија, занемарувајки го нејното старо пајонско име. [20]

Откритијата кои се досега направени даваат една шаролика слика околу времето кога се наслбите формирани, степенот на технолошките знаења во преработката на рудите и развитокот на стилот и формите на финалните производи, нивни примероци и на крај, нивната намена. Ваквите елементи наведуваат на размислување за времето кога се тие населби формирани. Така наречените македонско – пајонски бронзи кои припаѓаат на најсуштествените придобивки на железното време на овој дел од Балканот, всушност немаат органска поврзаност со Македонија, освен што, значително подоцна просторите каде се наоѓани влегле во состав на Македонија. Важно е да се види потеклото на идеите, на пример афионовите чушки како врска со Крит. Посебно се интересни поретки форми на разни предмети од Милци.[21]

Анализата на всекупната археолошка граѓа откривана со ископувањата и случајните откритија би требало да разјасни низа моменти од творештвото на железното време на агријанско-пајонските простори.

**Први населувања на јужните соседи**

Посебно поглавје во историјата на пајонските простори претставува сознанието за присуството на популации, поединечно или групно, од далечните микенски центри на Пелопонез. Се добива впечаток дека на оваа значајна појава не и е обрнато соодветно внимание, макар што за тоа се знае многу одамна. Наодите на микенските мечеви од Тетово и од Игларево во внатрешноста на Балканот, на пајонска територија, толкувани се како импорт. Ваквата квалификација не ги задоволува суштествените моменти за нивното значење и присуство. Неодамна објавен е наод, украсен дел за рачка од микенски меч, најден во едно погребување на некрополата Горешница во селото Маркова Сушица кај Скопје. [22] Овој исклучително интересен наод, како и местото на кое е отркиен, не тера да се задржиме на оваа појаваа на микенски елементи на нашите подрачја.

Во штипскиот Народен музеј илзожена е микенска керамика откриена во локалните наоѓалишта, претежно примероци работени по углед на микенски оригинали . Без сомнение нивното присуство на наша почва треба да се протолкува како производ на пелопонеските доселеници.Тоа се производи на микенци населени тука, кои за свои потреби правеле садови по пример на оригиналната керамика од нивните матични области која сега им недостстигала. Во Стоби, надвор од својот хронолошки контекст најдени се примероци на микенска оригинална керамика. Одамна е познат наодот на микенски типични садови во с. Солње кај Скопје. Овој последен наод можеби има врска со наодот на микенскиот меч во Маркова Сушица. На локалитетот е констатирано чистање на алувијално злато.[23] И, како мал заклучок, веке одамна изречен, можеме да заклучиме дека Микенци се присутни, далеку во внатрешноста на Балканот, на пајонско - агријанска територија, во така да ја наречеме извиѓачка мисија, во истражување и барање природни ресурси. Нивното присуство, кое не траело кратко, во ограничен временски период, сигурно оставило значителни последици. Во прво време, најверојатно, се работи за помали групи кои се отиснувале далеку во извеѓувачка мисија. Нешто подоцна, во текот на преодниот период и постарото железо време доаѓа до подолготрајно населување, што покажа некрополата кај Уланци и Водовратски пат. [24] Во ваквите извиѓачки мисии на Микенци треба да очекуваме нивно присуство на Копаоник, на овој исклучително богат рудоносен регион, за кој не верувам дека им останал непознат на микенските патници – намерници. Не ми е познато дали Чершков дава некои податоци во оваа смисла. Се знае само за стари копови забележани од Дејвис.[25]

Како што нам ни се чини, по овие први бранови на микенски доселеници, настанува едно затишје. Се чини како да во преодниот период не е посведочено присуство на Микенци на пајонска почва. Промените кои се случуваат со почетоците на железното време, во кое ќе завладее унифицирана материјална и духовна култура, не се забележуваат појави кои можат да се припишат на микенско присуство. По овој вакум, ако има-

[20] Крстевски, Соколовска, 2011, 259,

[21] Хусеновски, 2021, 37.; Хусеновски 2018, 103-126.

[22] Видески 2022, 71.

[23] Истиот, 71-87.

[24] Митревски 1997, 116.

[25] Cerskov 1970,69.

ме право така да го наречеме, први сигурни потврди за присуство на јужно, хеленско присуство на пајонска, одн. агријанска почва се потврдува со монетоковањето на Дероните и Лајаите на добро познатите окто и декадрахми ковани во Осоговието, кои припаѓаат на т, н, серија племенско монетоковање. Дека се тоа производи на хелески мајстори и металопреработувачи, дилеми нема. Хеленското писмо со кое се означени племињата Дерони и Лајаи, како и имиња на локални владетели (Екгонос, Еуергетес) е доволна потврда. Разликите во датирањето на овие серии за нас не е од особена важност. Во еден давно објавен труд изнесов мислење дека тие серии монети се ковани под влијаие на Абдера и дека тие имиња се потврда за постоење на владетелска функција, една значајна историска потврда за постоење на организирана заедница уште во текот на 6 век пред н.е. Единствен примерок на монета со испишано име Бастареј, датирана во првите децении на 5 век,[26] мислам треба да се смета како сигурна потврда за постоење на веќе добро организирана кралска функција на пајонската, одн. агријанска популација во Осоговскиот регион.[27] Во текот на наредниот период, доцен 5 и текот на 4 век, веќе располагаме со сигурни аргументи за постоење на владетелска – кралска функција кај Агријаните. Од нивниот крал Лангар.не се најдени монети, но монетите на Никар, Симон и Диплај, мислам дека нема дилеми дека се работи за агријански владетели. Се работи за значајни придобивки за аргијанската историја. Со монетите на Дероните и Лајаите се потврдува присуство на Грци во внатрешноста на Балканот, во Осоговието во случајов.

Досегашните откритија на населбински траги, особено на некрополите даваат една шаролика слика. Не би можело да се тврди, но се добива впечаток дека населбите на агријанска територија содржат особености кои навестуваат индиции да ги сметаме како незнатно временски постари од тие по текот на Аксиј, особено оние истражувани во Валандовско-гевгелискиот регион. На нив може да се приклучат и наодите на грчка територија.[28] Керамичките наоди покажуваат еден попрефинет квалитет, чисти воедначени форми масовно произведувани. Керамиката на северните, агријански простори покажува скромно, дури грубо мајсторство. Оваа појава може да се протолкува како последица на положбата на овие региони, блиски со напредните егејски центри. Но, во исто време, се добива впечаток дека северните агријански наоди како да припаѓаат на нешто постари периоди. Јужните, пајонски населби, односно локалитети, покажуваат поголема виталност и побрзо прифаќање на нови идеи. Во исто време, разноликоста на форми и типови внесува нови идеи. Со други зборови, северните производи јасно покажуваат извесна конзервативност, за разлика од југот кој е подготвен да прими нови идеи и да ги развие до совршенство. И додека периодот на железното време е исполнет со унифицирани појави во сохранувањето, во погребниот ритуал и духовниот однос кон pcinatitem во следниот период на архајската епоха и раната антика сликата наполно се менува. За кус временски период сега се среќаваме со поинаква ситуација што го осликува животот на популацијата .

### Нов бран доселување на јужните соседи

Ова е нова мисла. За просторот кој припѓа на Агријаните се добива впечаток дека во текот на рана антика, особено во текот на IV век достигнува кулминација во својот економски и културен развиток. Се менува системот во градежништвото, се градат објекти со посебна намена. Низ Агријанија циркулираат дамастионските монети, но во исто време и агријанските градови (Пелагија, Сарноа, Дапарија, мождеби и други) коваат свои монети одразувајки повисок општествен статус. Но и повисока економска моќ. Во ова време Агријанија е владеана од свои кладетели (Лангар) кои имаат удел во политичките настани на времето. Во исто време, и нивните владетели (Бастареј, Никарх, Симон и Диплај) го потврдуваат својот статус преку издавање на монети со нивно име. Овие појави се јавуваат како резултат на интензивни контакти со југот. На овој проблем во неколку наврати се имаме осврнато и порано, но во оваа пригода мислам дека би требало да се направи една ретро слика која ќе може да даде повеќе светлина на ова прашање.

Се работи за се поевидентно присуство на доселени Хелени на агријанско-пајонските простори. Ако првите патници намерници од далечниот Пелопонез им припишеме улога на истражувачи на балканските простори во потрага по за нив потребни суровини, овој бран на доселеници предизвикан е и од други причини. Ова е време кога на хоризонтот се појавува македонската држава со јасни аспирации да ја рашири територијата на владеење до големи размери. На нив мораме да им дадеме квалификација на воинствен и освојувачки настроен народ, кој од мала етничка заедница ќе достигне размери на народ

[26] Петрова 1999, 93.

[27] За пајонското племенско монетоковање, види и Павловска Е. 2008, 13-17.

[28] Katalog Bolowa, 80, 81.

и држава која подоцна ќе  добие статус на прва римска провинција на Балканот. Спремна и способна да ги оствари своите цели, успешно ја одиграла улогата во критичните времиња опфатени со грчко-персиските војни. Следниот настан кога грчките држави – градови се борат за примат на хеленските простори, пајонско-агријанските региони ќе добијат статус на прибежиште и ново вдомување на Хелени, кои или под притисок или во потрага по подобри животни услови ќе ги напуштат своите домицилни живеалишта и ќе се населат на нови локации, но секогаш со добра економска заднина.  Ова прашање начнато е одамна. Во далечните осумдесети години на минатиот век Д. В. Тодоровиќ констатира доселени атичани во Демир Капија.[29] Нешто подоцна, И. Микулчиќ забележал населување на атичани на просторот на Демир Капија, при што забалежал повлекување на домородно, пајонско население пред налетот на новодојдените.[30]

Кон крајот на V век, последните две децении, на целиот пајонско-агријански простор се забележуваат појави кои одразуваат значителна промена во општествениот живот, во културата, во економијата. Како најмаркантна се јавува појавата на објекти изградени во висока техника на градежништвото – обработени камени блокови со украсни бордури, за првпат применети на овај простор. Почнувајќи од крајниот североисток, со локалитетот Кракра кај Перник, (сочувани делови од објекти), па преку Пауталија, (сочувани темелни делови од објекти), Кале – Виница, (сочувани темелни делови, капители и акротерии од храм), на Кале Кршевица (цистерна), во регионот на Скопје - Градиште – Бразда (цистерна), Нерези, Студеничаин (храм), во Тетово (гробница?), во Билазора, (цистерна), по текот на Вардар на Отовичко Кале, (објект со економска намена), во Гортинија кај Гевгелија (темелни делови од стоа), на сите населени места откриени се објекти изградени во висока техника и префинет градежен манир. Овие промени се јавуваат како резултат на значително присуство на хеленски доселеници, првенствено деловни луѓе, мајстори, ѕидари и други кои се отиснале кон внатрешноста во потрага по заработувачка и подобри животни услови. Нивното присуство тука не траело кратко време. На Градиште – Студеничани кај Скопје изградиле храм за свои потреби.  И на Виничко Кале сочувани се траги од храм. Во Скопје (Скопско Кале) најден е надгробен спомени на некоја доселена атичанка. Она што е посебно забележително се новите имиња кои новодојдените им ги давале на местата каде се населувале, занемарувајќи ги нивните стари, пајонски имиња. За Стенае, одамна се знае. И Виничко Кале добило ново име – Хармонија (?),  Добро се знае дека Грците, бегалците од Егина и Менде во 423 г.  го основале на илирска територија Дамастион, во близина на сребрените рудници и му дале свое име. Независно од моето мислење дека кратенката MUN. D. D. треба да се протолкува како Municipium Damastion (um) Dardanorum и дека кај (во) Сочаница треба да се лоцира местоположбата на Дамастион, треба без резерва да се прифати дека кај Сочаница, на надгробните споменици се наоѓаат повеќе од 20 грчки имиња. Тие се од раноцарскиот период, но сигурно е дека богатите копанонички лежишта на сребрена руда не им останале непознати на  Грците во класичната епоха. П, уште еден податок констатиан на теренот при археолошките ископувања. На Исар – Марвинци акрополата е оградена со заштитен бедем, изграден од камен и кал. Тоа го направиле доселените Хелени со цел да се заштитат од домашното пеонско население.  Населбата во железното време не била заградена со бедем., Станбените објекти во тоа време лоцирани се и на акрополата и на други места на локалитетот, Населбата на населените Хелени лоцирана е на акрополата при што добила заштитни бедеми. Веќе спомнавме, Микулчиќ забележал иста појава и во Стене. Домородното пајонско население се повлекло на друга локација. Дали тоа се одвивало по мирен пат или со употреба на сила, не знаеме. Можеме само да претпоставиме дека пајонското локално население не било среќно да ги препушти своите живеалишта на новодојдените. Слична појава забележана е и на Виничко Кале.

Дали овие населби за кои зборуваме треба да добијат статус на колонии е прашање за дискусија. Тие настанале како последица на потребите на Хелените за суровини, настанале исто така во кризни за нив моменти кога морале да ги напуштат своите родни места под притисок предизвикан под разни околности. Но сигурно е дека опстанакот во новите опкружувања им погодувал. Дали нив можеме да ги сместиме во терминот колонисти, а нивните нови станишта како колонии е предмет на истажување на историчари и социолози. Во секој случај, стационирање на одреден број луѓе на нова локација, при што групирањето на едно место може да добие квалификација на колонија без оглед на фактот дека тие не оснивале населби на празен простор, туку се населувале на веќе постоечки населби, што е археолошки потврдено на Вардарски Рид, на Исар-Марвинци, Градиште Бразда, Виничко Кале и ред други.

Присуството на доселените Хелени не траело кратко. Од крајот на 5. век, па низ целиот 4. век

---

[29] Вучковиќ Тодоровиќ, 1961, 240.

[30] Микулчиќ 1999, 179.

тие се присутни на овие простори. Нивните домакинства се снабдени во значителна мера со керамички производи од нивното матично подрачје, првенствено од Атика. Но во меѓувреме тие не можеле да ги задоволат своите потреби, поради што прибегале кон производство на локални керамички производи од локални суровини, но со форми на кои тие биле навикнати – хидрии, ојнохои, скифоси, кантароси, купи и др. Колку ни е нам познато, значителни количини на т.н. сива керамика со грчки форми откриени се во Билазора, Градиште – Бразда. Оваа керамичка продукција содржи локални карактеристики, кои најмногу се забележуваат во квалитетот на глината и нејниот состав и завршното обликување како локално обележје.[31]

Времето на 4 век за Пајонија, а особено за Агријанија претставува врв во нивниот економски и културен развикот. И едните и другите живеат во највисок економски, културен и политички стандард. Пајонската династија – Теутај, Агис, Ликеј, Патрај, Авдолеон, Леон и Дропион и нејзината улога во актуелните настани е позната. Агријанија е владеена од сопствени владетели - Бастареј, Никарх, Симон, Лангар и Диплај. Во текот на 4 век низ Агријанија циркулираат дамастионски монети.[32] И нивните градови Пелагија, Сарноа и Дапарија, а можеби и други, издаваат свои монети, ковани во ковницата на Дамастион што покажува дека биле во постојан контакт со хеленски деловни луѓе. Но настаните што ќе следат по пробивот на Келтите, и тешката ситуација која ќе следи потоа, ќе доведе до тоа да моќта на Агријанија, притисната од Дарданците, Скордисците и Тракиските Меди од исток доведе до тоа, да Аудолеон, овој моќен пајонски басилеј, успее да приклучи дел од Агријанија кон Пајонија, која се уште, и покрај тешките настани успеала да го сочува својот статус, за не многу подоцна да биде приклучена кон Македонија и во нејзини рамки егзистира до римското освојување на Македонија во 168 г. Пр. Н. Е. Слична е ситуацијата и во регионот на Охрид и Преспа. Најновите теренски истражувања ја обелоденија ситуацијата во регионот, го разоткрија Охрид како напреден град со богато население, чија материјална култура се вклопува во трендовите на македонската материјална и духовна култура. Во таа смисла се јавува откритието на гробницата од македонски тип, несомнено потврда за статусот на Лихнидос како изразито развиен град во рамките на македонското кралство.[33]

Теренските истражувања кои се одвиваат веке подолг временски период во регионот на Скопје, но и пошироко на агријанскиот простор, изведувани од Виктор Лилчиќ Адамсен влеваат надеж дека ќе се добие појасна слика за настаните на овој агријански простор пред конечното освојување од страна на Римјаните. Ова посебно се однесува на регионот на Скопје и непосредното опкружување.

Присуството на овие новодојденци на Пајонско – Агријанска територија довело до веруваме брзо прифаќање на сите нови, напредни постигања на хеленскиот југ. Кога и како тоа се рефлектирало на целокупното опкружување е тешко да се открие. Но се добива впечаток дека месното население било наклонето да ги прифати овие нови идеи, што во значителна мера може да се види во прифаќањето на новите религиски верувања и хеленски божества. Ваквата ситуација настанува особено јасна во хеленистичко време кога пеонсиот простор веќе се наоѓа во рамките на македонското кралство. За религијата како значаен сегмент во духовната култура во Пајонија пишувано е досега. Ние само ке ги спомнеме почитувањето на Кибела, ова познато малоазиско божество прифатено на широкиот простор во хеленскиот свет. На Исар Марвинци, на Вардарски Рид, на Градиште – Неготино, античката Антигонеа, нејзиниот култ е многу посведочен.[34] Но, ни се чини како најубедлив пример за прифаќање на хеленски божества од страна на локалното пајонско население е присуството на светилштето на Диосакурите кај Демир Капија.[35] Вотивните релјефи на Диоскурите сигурно се приложени во светилиштето од страна на поединци со длабока почит кон божествените браќа, близнаци. Нив можеме да ги сврстиме во хеленските доселеници. Но, бројните монети приложени во светилиштето (200 на број) зборуваат дека меѓу дародавците имало значителен број локално пеонско население кое веќе одамна го почитувале култот на Диоскурите. Истото треба да се однесува на светилиптето во Дрен, во кое се најдени многубројни теракотни фигури на Афродита.

**Епилог**

Темата на нашиот приказ се ближи кон крајот. Останува да се осврнеме накусо на историските

[31] Соколовска 1993, 141 и н.

[32] Папазоглу употребата на дамастионските монети ја припишува на Дарданците, што се покажа како неприфатлива констатација. Се работи за простор кој им припаѓал на Агријаните, значително подоцна освоен од Дарданците.

[33] Битракова Грозданова 2000, 20 – 26.

[34] Битракова Грозданова 1999, 124 и н.

[35] Соколовска 2014, 70.

фази низ кои минувале племињата и народите за кои зборуваме. Во ранoримскиот период и доцната антика Агријанија има ново опкружување, нови популации кои го населиле нејниот простор. На исток, покрај домородната агријанска популација која тука се задржала, сега доминираат Трачиците. Дарданското Скупи го превзема приматот на град кој ќе израсне во ранг на колонија. Со прифаќањето на христијанството на овој простор ќе се оформат црковни центри кои ќе имаат значајна улога во ширењето на христијанската вера – Баргала, Хармонија (Кале Виница ?), Запара, (Големо Градиште – Коњух ?). Градовите Скупи, Стоби, Лихнид и Хераклеја Линкестидска, ќе го преживеат периодот на театарските претстави и игри, и во ранохристијанскиот период ќе достигнат статус на црковни центри чии претставници ќе учествуваат на црковните собири во Сердика (343), Халкедон (431), Ефес (449), Константинопол (553) и др.

Пајонското Долно Повардарје, сега во рамките на македонското кралство веќе освоено од Рим, ќе ги доживее своите врвни постигнувања во соодветни услови. Под недоволно јасни околности во Гортинија ќе згасне живпго и овој во .хеленистичко време напреден град ќе го доживее својот крај. Спротивно на тоа Доберос ќе израсне во центар на Валандовската област. Преминот од старата во новата ера за Доберос ќе значи значителен подем на економско ниво. Комуникациите со малоазиските водечки производни центри ќе дојдат до полн израз. Присуството на керамички производи – т, н. пергамска керамика, источна сигилата B, префинетата самоска керамика, трновита, барботин, песковита керамика, врвни производи на времето, сега се нашле и во Доберос.[36] Во 79 г. се подига храм посветен на Херакле и негова статуа.[37] Доберос ќе го сочува својот углед и статус на посредник во грижата за целата Доберска област преку комуникација со римската администрација за решавање крупни проблеми во опкружувањето.[38] Ќе слушнеме за граѓани чиј углед бил вреден да биде запишан на јавни споменици изложени во градот. Неговиот растеж како центар на Доберската област прекинат е од природна катастрова во[39] .... година. Но неговите граѓани имале снага да ги обноват срушените објекти повторно да ги изградат, за повторно да доживее расцут во времето на Антонините и Северите. И не многу одалечената Антигонеа ќе ги следи културните постигања на времето. Астраион ќе го преживее крајот на антиката и ќе игра значална улога во ран охристијансата епоха.

Следниот настан, спомнат во изворите, се одиграл во 268 г. кога Готите, напуштајки ја опсадата на Солун, се повлекувале кон север и по патот ги разориле Доберос и Пелагонија.[40] Овој настан, археолшки потврден, претставува преломен момент во животот и егзистенцијата на Доберос и Стибера. Стибера е до таа мерка срушена и нејзини добра уништени, што таа наполно исчезнала од историската сцена. Да се потсетиме на констатацијата одамна изречена, дека овој настан довел до крај на скулпторската активност во Македонија која била издигната на значително ниво дотогаш [41]. Со овој настан Доберос е разурнет до таа мера, што никогаш повеќе не го повратил стариот сјај. Но, и покрај тоа, успеал да се одржи до доцната антика и како значаен град во Прва Македонија да биде наведен во списокот на градовите кај Хиерокле.[42] Реномето на Доберос, чија историја археолошки може да се следи еден цел милениум наназад, довело до тоа Доберос како град да го пренесе своето име на целата област – Доберска. Во меѓувреме приматот ја презема населбата лоцирана во Валандово, претпоставената Алмана,[43] која ќе се развие и достигне ранг на епископско седиште како центар на учесници на црковните собори во Сердика 343, Ефес 431, Ефес 449, Халкедон 451.[44]

Со освојувањето на Македонија од Римјаните Пајонија ќе исчезне од историската сцена. И Агријанија веќе не се споменува. Но значително подоцна, во византиските извори ќе сретнеме информација од која ќе слушнеме за Агарени, одн. Агарјани, посебно племе кое во Скопје, на Виргино рид го опустошило манастирот Св. Георги Горгос. Оваа информација е доказ дека античките Агријани не изчезнале туку се задржале како посебен етнос дури до средните векови.

Се обидов, накусо, да ги изложам историските фази и настани кои го осликуваат минатото на Пајонците и Агријаните, да го нагласам нивното потекло, нивната стабилизација на Балканот, нивната материјална и духовна култура, нивното потпаѓање под хеленско културно влијание, како и крупните настани кои довеле до драстичен

[36] Соколовска 1986, 119 и н.

[37] Krstevski 2022, 91.

[38] Bofo, Krstevski 2022, Sl, 22.

[39] Според Сеизмолошкиот институт во Скопје, во регионот на Валандово доаѓа до земјотреси на секои 1000 години.

[40] Папазоглу 1957, 248.

[41] Соколовска 1987, 24.

[42] Hier, 641, 4.

[43] Соколовска 2009, 61-66.

[44] Папазоглу 1957, 252.

пресврт во нивниот историски тек, од нивната појава на Балканот, до нивното изчезнување од историската сцена. Ова е резултат од информациите кои мене ми се достапни. Секако идните откритија ке ја дополнат и збогатат севкупната слика за културно – историското минато на Пајонците и Агријаните.

Viktorija SOKOLOVSKA

## PAEONIA AND AGRIANIA CULTURAL – HISTORIC SURVEY

*Summary*

In this article the author gives a short survey of history and culture of Paeonians and Agrianians. It is important to point out their Asia Miner origin, (Agara, Simon), their connections with Crete (Idomene, Gortinia), their migration on the Balcans, the space which they occupied during Iron age and Antiquity (from Pernik to Preko Ruplje) to springs of Strimon and Axios, until delta of the river Axios i Thermaic Gulf.

With the archaeological research of the sites: Vardarski Rid and Isar-Marvinci and their necropolises: Krshla, Vinica, Radanje, Bucinci, Lisichin Dol and Milci, proved that their culture is defined as original and highly developed.

In separate chapter the author gives survey of the first contacts of Mycenians with iron of Balkan as result of their interest for ore materials (Solnje, Markova Susica, Iglarevo).

The second wave of migration of the people from south introduced new changes in the culture and economy of Paeonians and Agrianians, new technics, especially seen in the architectural buildings and pottery production and coinage and religia. Settled on the old paeonian and agrianian sites, the new comers gave new names to the sites where they settled: Stenai, Harmonia, Pelagia and Damastion.

This paper emphasis's the political and cultural levels of Paeonians and Agrianians and their rise during the 4$^{th}$ century BC, with their political community lead by their own rulers like: from Teutaos to Dropion in Paeonians, and from Bastarej, Nikarks, Simon, Langar, Diplaj in Argianians. After the death of the Alexandar III, the migration of the Dardanians from the west and Medi's from the east, created pressure for Autariates joining Agrianian region with Paeonia, which occurred during the early years of Audoleontos reign.

The changes which happened later appeared as result od Keltic invasion in 280/79. Paeonia survived as state as part of Macedonian kingdom. But, the wide Agrianian territory was graduely conqued by Dardanians on the west and Trakians tribe Medi on the east. But, Agrianians survived until Middle Ages as separate different tribe (people) in Skopje, under name of Agareni.

**Библиографија**


Andronikos 1980, Andronikos M. The royal tombs at Aigai (Vergina), Philip of Macedon, Athens 1980, 188 – 231.

Битракова Грозданова 1997, Битракова Грозданова В., Lychnidos во раната антика, Жива Антика XXXIV-XXXV, Скопје 1997, 97-111.

Битракова Грозданова 1999, Битракова Грозданова В., За верувањата во антиката по долината на Вардар, Религија и уметност во антиката во Македонија, Скопје 1999.

Битракова Грозданова 2000, Битракова Грозданова В. , Охридско -Преспанскиот регион во раната антика, Жива Антика 50, Скопје 2000, 19-29.

Георгиевски 1993, Георгиевски Б., Праисториски градишта во Кумановско, MacedActaArchaeol. 13, Скопје 1993, 51-68.

Георгиев 1993, Георгиев З., Басараби стилот и Македонија, MacedActa Archaeoi 13, Скопје 1993, 81-96.

Hammond 1972, N. G, L. Hammond, History of Macedonia, Volumen I, Oxford 1972.

H MAKEDONIA APO TA MYKHNAIKA XRONIA OS TON MEGA ALEXANDRO, Bologna 1988. Gрупа автори.

Heurtley 1939, W. A. Heurtley, Prehistoric Macedonia, Oxford 1939, 81-96.

Hier, Syn., Hieroclis Synecdemus rec. A Bugchardt, Lipsiae 1893.

Хусеновски 2001, Хусеновски Б., Привrзокот "Лира", од некрополата Милци, Патримониум 15, 2017, 37-54.

Хусеновски 2018, Хусеновски Б., Женски гроб со култна палка од некрополата Милци – Гевгешија, Патримониум.мк 16, 2018, 103-126.

Крстевски, Соколовска 2011, Крстевски Ц., Сокололовска В., Виничко Кале во раната антика, MacedActaArchaeol. Скопје, 2011, 245-254.

Krstevski, Boffo, Krstevski C., Boffo L., La polis in localita Isar – Marvinci e l administracione romana nella provincia di Macedonia, Studi elenistici XIX MMVI, Pisa, 399-452.

Krstevski 2022, Krstevski C., Doberos, Skopje 2022.

Lilcic Adamsen, 2017, V. Lilcic Adamsen, An Agrianian city near Pcinja Kumanovo region, ZAnt 67, Skopje 2017, 49-60.

Lilcic Adams, The Early Antiquity in the Valley of Skopje, Eight millennia of life, culture and creativity, Skopje 2020, 124 и н.

Lopez Blanko 2006, R. B. Lopez, Tribus Peonias: Agrianes en el contexto historico y geografico de la antigun Blankoedad, Ziva Antika annee 56, Skopje 2006, 5-17.

May 1939, J.H.F. May, The Coinage of Damastion and Lesser Coinages of the Illyro-paeonian Region, Oxford 1939.

Mellart 1958, J. Mellart. The End of the Early Bronze Age in Anatolia and Aegean, AJA, Vol. 62, No. 1, 1958, 9-33.

Микулчиќ 1990, Микулчиќ Г. Скифоси и кантароси од гробницата во Бразда, MacedActaArchaeol 11, Скопје 1990, 93 – 102.

Микулчиќ 1999, Микулчиќ И., Антички градови во Македонија, Скопје 1999.

Митревски 1997, Митревски Д. Протоисториските зањдници во Македонија, Скопје 1997.

Папазоглу 1985, Историски прилики, Монографија Охрид и Охридско низ историјата, Скопје 1985, , 63-120.

Папазоглу 1957, Папазоглу, Македонски градови у римско доба, Скопје 1957.

Петрова 1999, Петрова Е, Пеонија, Скопје 1999.

Соколовска 1986, Соколовска В., Исар – Марвинци и Повардарјето во античко време, Скопје 1986.

Соколовска 1987, Соколовска В., Античка скулптура во СР Македонија, Скопје 1987

Соколовска 1990, Соколовска В. Пајонското племе Агријани и врските со Дамастион, MacedActaArhaeol 11, Скопје 1990, 9-34.

Соколовска 1993, Соколовска В., Античка сива керамика во Македонија, MacedActaArchaeol, Скопје 1993, 142-148.

Sokolovska 1996, Sokolovska V., The Coinage of Agrianes, Maced. Num. Jour, No 2, 13-23.

Соколовска 2009, Соколовска В., Алмана – Алавандово – Валандово, Македонско наскедство, Скопје 2009, 61-66.

Соколовска, Крстевски 2011, Соколовска В., Крстевски Ц., Виничко Кале во раната антика, MacedActaArchaeol 20, Скопје 2011.

Соколовска 2014, Соколовска В., Религија и култови во хеленистичко време на територијата на Република Македонија, Патримониум.мк 12, 2014, 63-78.

Соколовска 2016, Соколовска В. , За импортот во Пајонија во античко време, Патримониум.мк 14, Скопје 2016, 53-61.

Соколовска 2018, Соколовска В. Материјална култура Агријана, Патримониум.мк 16, Скопје 2018, 79-102.

Thuc. Tucididis Historiae Jones H.S.

Cerskov 1970, Cerskov E., Polozaj i uslovi postanka Municipijuma D. D. kod Socanice, Pristina, Beograd 1970.

Вучковиќ Тодоровиќ 1959, Д. Вучковиќ Тодоровиќ, Грчки гроб из Демир, Капије, Старинар 9 – 10, Београд 1959, 281-296.

Вучковиќ Тодоровиќ 1961, Д. Вучковиќ Тодоровиќ, Античка Демир Капија, Старинар 12, Београд, 229-269.